***До Министерство за здравство***
***на Р С Македонија***

- ***Доц Д-р Венко Филипче, Миинистер***

***Скопје***

***Предмет: Барање за непречено функционирање на Центрите за дијабетес во услови на COVID19 пандемија,***

***Почитувани здравствени власти,***

Како СЗДСМ сакаме да Ве подсетиме дека како пациенти со дијабетес имаме потреба од редовни прегледи и контроли. Согласно моменталната COVID-19 ситуација свесни сме дека одреден број на пациенти не се во состојба за преглед со физичко присуство и за таа група на пациенти ја поздравуваме можноста за издавање на електронски рецепт, како што впрочем се одвива непречено процесот тековно. На ваков начин се обезбедува континуитет во достапноста на потребната терапија, што е мандаторно за нашата добра здравтсвена состојба.

НО, да не заборавиме дека меѓу нас има и пациенти кои се со влошени резултати и кои имаат потреба од редовни посети во центрите за дијабетес.

Знаејќи го ова, како национална пациентска организација, добронамерно Ви укажуваме дека имаме потреба од ***непречено функционирање на сите центри за дијабетес***. Ова подразбира дека нашето барање до Вас како Министерство за здравство е да ***создадете можност сите лекари/интернисти како и едуцираните дијабетолошки сестри да имаат редовни закажани термини во центрите за дијабетес***.

Она што е наш прифатлив минимум, за квалитетна дијабетолошка грижа, во оние градови каде имаме неповолна епидемиолошка слика со COVID-19, е центрите за дијабетес да функционираат нормално (тим интернист/сестра) минимум три дена од пет работни денови со термини за редовни прегледи. Во сите останати денови од работната недела имаме потреба дијабетолошките сетри да бидат на своето работно место во центрите за дијабетес.

Во оние градови каде што не постои влошување на ситуацијата со COVID-19 очекуваме центрите за диајбетес да функционираат непречено во тек на цела работна недела.

Само заеднички со меѓусебно разбирање, но и со почитување на потребата секој здравствен проблем да добие адекватна медицинска грижа, ќе создадеме предуслови да имаме здрава нација, која секако ќе ни треба по завршувањето на оваа светска здравстена криза со COVID-19.

Нашите очекување се дека како партнери ќе најдете начин да излезете во пресрет на ова наше барање, односно ќе излезете во пресрет на потребата да имаме здрава нација.

Да потсетиме дека ЈАВНОТО ЗДРАВЈЕ не е ниту „БИЗНИС“ ниту пак „ПОЛИТИКА“!

Ви стоиме на располагање за соработка и срдечно ве поздравуваме.

Со почит,

***Претседател на Сојуз на здруженија на дијабетичари на Северна Македонија,***

***Димче Велев***